РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА „АДМИНИСТРАТИВНА ПРАВДА – КАМЕН-ТЕМЕЛНИК НА ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО“

29 јуни – 1 јули 2026 година, Охрид

Концепт и цел на конференцијата

Регионалната конференција и обука за студенти на тема „Административна правда: Камен-темелник на владеењето на правото“ беше замислена како регионален форум насочен кон идентификување на заедничките предизвици во административната правда во Југоисточна Европа, истакнување на позитивните достигнувања и преостанатите тешкотии во изминатите 35 години, како и обезбедување основа за креирање на идни реформи на административното судство и судската контрола на управата во Република Северна Македонија. Долгорочната цел е унапредување на административната правда и, со самото тоа, на владеењето на правото во Република Северна Македонија и регионот.

Учесници

Учесници на конференцијата беа професори по управно право од Северна Македонија, Србија, Хрватска и Словенија; судии од управните судови; претставници на второстепените управни органи; други релевантни чинители; како и студенти од Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Универзитетот „Св. Климент Охридски“.

Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

ЗАКЛУЧОЦИ КОИ ПРОИЗЛЕГОА ОД РЕГИОНАЛНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА

1. Законот за управните спорови од 2019 година претставува современо законско решение усогласено со европските стандарди и во моментот не постои потреба од негови суштински измени. Потенцијални измени би биле неопходни единствено доколку во рамките на реформата на судската мрежа дојде до промена на институционалната поставеност на управното судство, односно доколку Вишиот управен суд биде укинат и неговите надлежности бидат пренесени на Врховниот суд. Таквите измени би се однесувале исклучиво на институционалната организација и распределбата на надлежностите, а не на концептот и текот на управно-судската постапка.

2. Идните реформи во управното судство треба да бидат насочени кон обезбедување суштинска административна правда, а не кон чести законски измени. Ефикасната судска заштита не зависи само од текстот на законот, туку од целокупната архитектура на системот: пристапот до суд, интензитетот на судската контрола, почитувањето на принципот на контрадикторност преку одржување ефективна јавна расправа, обврзувачкото дејство на судските пресуди и соодветните институционални капацитети на судовите и управните органи.

3. Словенечкиот модел на организација на управното судство претставува најсоодветна компаративна основа за понатамошниот развој на македонскиот систем. Прифатливо е решението на постоење само Управен суд, а во втор степен да одлучува, тогаш кога жалбата е дозволена, Врховниот суд. Особено значајна е словенечката имплементација на Законот за управни спорови според која поништувањето на управниот акт не претставува само формално враќање на предметот, туку е проследено со обврзувачко дејство на правните ставови и утврдените факти во повторната управна постапка. Овој механизам обезбедува судската контрола да резултира со реална и ефективна заштита, наместо со повторување на истите незаконитости.

4. Судската контрола треба да биде доволно интензивна за да обезбеди ефективна заштита на правата. Судот треба да ги испитува правните, процесните и фактичките недостатоци на управниот акт, главната расправа да претставува вистинска процесна гаранција кога постојат спорни факти или докази, а пресудата со полна јурисдикција да биде секогаш достапна во случаи кога враќањето на предметот на повторно одлучување не би обезбедило ефективна заштита на странките.

5. Македонското законско решение за предметот на управниот спор е едно од најширoките во регионот и обезбедува високо ниво на судска заштита од незаконито постапување на управата и другите носители на јавни овластувања. Сепак, ваквото проширување на судската заштита не беше проследено со соодветно зајакнување на институционалните капацитети на Управниот суд, ниту со дополнителна специјализација, континуирани обуки и кадровско зајакнување на судиите и стручните служби.

6. Компаративните искуства од Хрватска и Србија содржат корисни решенија кои можат да придонесат за подобрување на функционирањето на македонскиот систем. Хрватскиот модел,

според кој управните спорови по правило ги решава судија поединец, придонесува кон поголема ефикасност на постапката, додека српското искуство укажува на важноста од поголема специјализација на судиите во Управниот суд. Во таа насока, неопходно е распределбата на судиите во Управниот суд по оддели да биде образложена, а Врховниот суд да има можност да реагира во случаи на неоправдани преместувања кои можат да влијаат врз квалитетот и конзистентноста на судската практика.

7. Подобрувањето на административната правда започнува со подобрување на квалитетот на управното одлучување. Неопходно е јавните органи доследно да ги применуваат правилата од Законот за општата управна постапка, да обезбедуваат квалитетно образложени управни акти и навремено да ги извршуваат судските пресуди. Позитивните резултати од работата на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор претставуваат значаен чекор, но останува потребата од поефикасни механизми за задолжително извршување на нејзините одлуки.

8. Државниот управен инспекторат е неизбежен елемент за остварување на управната правда, но неопходно е ургентно подобрување на неговите капацитети – кадровски, материјални, просторни, финансиски.

9. Наместо фокус на чести законски измени, реформските напори треба да бидат насочени кон дигитализација и подобрување на практичната примена на постојната законска рамка. Дигитализацијата на управната постапка и управниот спор, електронската комуникација помеѓу судовите и управните органи, електронските предмети и подобрувањето на системите за управување со предметите имаат потенцијал значително да ја зголемат ефикасноста, транспарентноста и пристапноста до административната правда.

10. Клучната порака од компаративните искуства е дека ефективната административна правда не зависи од бројот на судските инстанци, туку од квалитетот на судската контрола и способноста судските одлуки да произведат реални последици. Судските пресуди мора да имаат вистинско обврзувачко дејство врз управните органи, и повторната управна постапка нема да доведе до повторување на истите незаконитости. Само на тој начин управниот спор може да ја оствари својата основна функција, обезбедување ефективна, суштинска и навремена заштита на правата на граѓаните и правните лица во односите со јавната власт.